Цивика мобилитас објавува повик за **доделување ад хок грантови [ЦМ-АДХ-02] на граѓанските организации кои преземаат итни активности за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19** .




Пријави можат да поднесат граѓански организации кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (2010 г. Сл. Весник 52/10). Апликантите може да соработуваат со други граѓански организации.

**Општа цел** на повикот е да ја поддржи Република Северна Македонија во запирање на ширењето на коронавирусот и да помогне во ублажувањето на последиците од пандемијата за граѓаните, со фокус на најранливите;

**Специфична цел** е да се поддржат граѓанските организации да одговорат на потребите на граѓаните, со акцент на најранливите, со цел да се минимизираат последиците од пандемијата Ковид-19 и вонредната состојба во земјата.

**Предложените акции треба да придонесат кон некои од следните резултати:**

- Подобрена координација на граѓанските организации за ефективни хуманитарни и волонтерски активности;
- Информирана јавност, а пред се специфичните целни групи за мерките и препораките на државните институции во вонредната состојба;
- Обезбедена хуманитарна помош за најзагрозените на локално ниво;
- Обезбедена правна, психолошка помош и безбедносни совети за најзагрозените групи.

Повикот се состои од

- Водич за апликантите ,
- Образец за концепт и
- Прилог за буџет .

**Времетраењето на една акција не може да биде подолго од три месеци.**

**Висината на ад хок грантот треба да биде помеѓу 50.000 и 100.000 денари.** Вкупната сума која е на располагање за овој повик за предлози е 500.000 денари (со можност да се зголеми на 1.000.0000 денари).

**Првиот рок за поднесување на пријави е 15 април 2020 година (среда) до 12 часот.** Од сите поднесени пријави до тој рок, ќе се изберат проекти до вкупен износ од 500.000 денари од расположливиот буџет.

Пријави ќе може да се достават и по 15 април, а најдоцна до 30 април 2020 година, и тие ќе бидат тековно оценувани (како што ќе пристигнуваат).

Пријавите се доставуваат на електронската адреса: cm-adh-02@civicamobilitas.mk .